Врз основа на член 19 точка 5) од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија, бр.42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11 и 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 јуни 2020 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ВЛЕГУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ НА ВООРУЖЕНИ СИЛИ НА СТРАНСКИ ДРЖАВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ЗА УЧЕСТВО ВО КОМАНДАТА НА БРИГАДАТА НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА- СЕЕБРИГ (SOUTH EAST EUROPE BRIGADE – SEEBRIG)**

1. Се одобрува влегување и престој на 33 (триесет и три) припадници на Командата на Бригадата на Југоисточна Европа- СЕЕБРИГ (SOUTH EAST EUROPE BRIGADE – SEEBRIG), од кои 3 (три) припадници на Република Албанија, 5 (пет) припадници на Република Бугарија, 11 (единаесет) припадници на Република Грција), 6 (шест) припадници на Република Романија и 8 (осум) припадници на Република Турција, со материјално - технички средства и опрема, на територијата на Република Северна Македонија, кои заедно со 9 (девет) припадници на воениот и цивилниот персонал на Армијата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Армијата), ќе учествуваат во извршување на должности во Командата на Бригадата на Југоисточна Европа - СЕЕБРИГ.

2. Припадниците на Командата на Бригадата на Југоисточна Европа- СЕЕБРИГ, ќе ги извршуваат должностите во касарната „Боро Менков” во Куманово, во временскиот период од август 2020 година до август 2026 година.

3.Потребните капацитети за извршување на должностите на припадниците на Командата на Бригадата на Југоисточна Европа - СЕЕБРИГ во касарната „Боро Менков“ во Куманово, ги обезбедува Република Северна Македонија, без надомест.

4. Финансиските трошоци за преселбата на материјално - техничките средства и опремата за потребите на Командата на Бригадата на Југоисточна Европа - СЕЕБРИГ од Лариса, Република Грција до Република Северна Македонија, се на товар на Бригадата на Југоисточна Европа - СЕЕБРИГ.

5. Финансиските трошоци за плати, додатоци на плати и други надоместоци на воените и цивилните лица на Армијата, упатени на должност во Командата на Бригадата на Југоисточна Европа - СЕЕБРИГ, ги обезбедува Министерството за одбрана.

6.Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр.44-5455/1
12 јуни 2020 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

Оливер Спасовски